Службен весник на Република Македонија

Број 35 **24 февруари 2016, среда** **година LXXII**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
925.	**Закон** за изменување на Изборниот законик	2
926.	**Правилник** за изменување на Правилникот за утврдување на висината на додатокот на плата за вршење на специфична воена служба на медицински персонал-лекари специјалисти во Воено медицински центар на Армијата на Република Македонија	3
927.	**Правилник** за престанување на важењето на Правилникот за утврдување на висината на надоместокот на трошоците за закупнина на стан на вработените во Армијата на Република Македонија на кои не им е обезбедено користење на службен стан	4
928.	**Правилник** за начинот на остварување на правото на решавање на станбеното обезбедување со откуп и субвенционирање на дел од трошоци за купување или откуп на стан на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија	5
929.	**Правилник** за престанување на важењето на Правилникот за формата, содржината и начинот на издавање на службената легитимација на ревизорот за централна внатрешна ревизија и јавни набавки	9
930.	**Правилник** за изменување на Правилникот за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките за рурален развој, прифатливите трошоци и висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка	10
931.	**Правилник** за дополнување на Правилникот за поблиските критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој	12
932.	**Правилник** за начинот на вршење на ревизија на музејските предмети	13
933.	**Правилник** за дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање	15

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

925.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за изменување на Изборниот законик,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 февруари 2016 година.

Бр. 08-1323/1
24 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 196/15), во членот 82 став (1) датата „24 април 2016 година“ се заменува со датата „5 јуни 2016 година“, а датата „20 декември 2015 година“ се заменува со датата „27 февруари 2016 година“.

Во ставот (2) датата „24 април 2016 година“ се заменува со датата „5 јуни 2016 година“, а датата „20 декември 2015 година“ се заменува со датата „27 февруари 2016 година“.

Член 2

Во членот 83 датата „24 април 2016 година“ се заменува со датата „5 јуни 2016 година“.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

———

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN E KODIT ZGJEDHOR

Neni 1

Në Ligjin për ndryshimin dhe plotësimin e Kodit Zgjedhor (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 196/15), në nenin 82 paragrafi (1) data “24 prill të vitit 2016” zëvendësohet me datën “5 qershor të vitit 2016” kurse data “20 dhjetor të vitit 2015” zëvendësohet me datën “27 shkurt të vitit 2016”.

Në paragrafin (2) data “24 prill të vitit 2016” zëvendësohet me datën “5 qershor të vitit 2016”, kurse data “20 dhjetor të vitit 2015” zëvendësohet me datën “27 shkurt të vitit 2016”.

Neni 2

Në nenin 83 data “24 prill të vitit 2016” zëvendësohet me datën “5 qershor të vitit 2016”.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

926.

Врз основа на член 158 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15 и 193/15), министерот за одбрана, донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ДОДАТОКОТ НА ПЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА СПЕЦИФИЧНА ВОЕНА СЛУЖБА НА МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ-ЛЕКАРИ СПЕЦИЈАЛИСТИ ВО ВОЕНО МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Правилникот за утврдување на висината на додатокот на плата за вршење на специфична воена служба на медицински персонал-лекари специјалисти во Воено медицински центар на Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија, бр. 55/13) во насловот и во членот 1 зборовите „Воено медицински центар на “ се бришат.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр.01-1159/1
12 февруари 2016 година
Скопје

Министер за одбрана,
Зоран Јолевски, с.р.

927.

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), министерот за одбрана, донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКУПНИНА НА СТАН НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА КОИ НЕ ИМ Е ОБЕЗБЕДЕНО КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕН СТАН

Член 1

Со овој правилник престанува да важи Правилникот за утврдување на висината на надоместокот на трошоците за закупнина на стан на вработените во Армијата на Република Македонија на кои не им е обезбедено користење на службен стан („Службен весник на Република Македонија“ бр.116/12, 31/13 и 85/13).

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-1394/1
18 февруари 2016 година
Скопје

Министер за одбрана,
Зоран Јолевски с.р.

928.

Врз основа на член 192 став (3) од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15 и 193/15), министерот за одбрана, донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА РЕШАВАЊЕ НА СТАНБЕНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СО ОТКУП И СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИ ЗА КУПУВАЊЕ ИЛИ ОТКУП НА СТАН НА АКТИВНИОТ ВОЕН И ЦИВИЛЕН ПЕРСОНАЛ НА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на остварување на правото на решавање на станбеното обезбедување со откуп и субвенционирање на дел од трошоци за купување или откуп на стан на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата).

Член 2

Воениот и цивилен персонал кој користи станбена единица со која располага Министерството за одбрана врз основа на акт на надлежен орган, правото на откуп на станбена единица го остварува со поднесување на писмено барање и лично потпишана писмена изјава за решавање на станбеното прашање со откуп на стан до Генералштабот, командите, односно единиците на Армијата, кои го проследуваат до Комисијата формирана согласно Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Кон барањето од ставот 1 на овој член се доставуваат следните документи:

- изјава заверена на нотар, за непоседување или поседување на стан во лична сопственост добиен од станбениот фонд на поранешната ЈНА, Министерството за одбрана и Армијата или стан добиен под повластени услови, со назначување на квадратурата на истиот, наведување на членовите на потесно семејно домаќинство и нивното сродство со подносителот на барањето, копии од лични карти за членовите на потесното семејство или извод од матична книга на родените, за децата кои немаат лични карти;

- доказ за степен на оштетување на организмот како последица на вршење на службата во Армијата, утврден со акт на надлежен орган,

- доказ за инвалидност на член на семејно домаќинство, утврдена со акт на надлежен орган и

- доказ дека потекнува од семејство на загинат бранител на Република Македонија.

Член 3

Првенството за откуп на стан во лична сопственост се определува со бодови.

Вкупниот број на бодови изнесува 100 бодови.

Член 4

Вкупниот број на бодови од член 3 став 2 од овој правилник се добива според следните соодноси:

1. Користење на стан под закуп, надоместок на трошоци за закупнина на стан.....40 бодови.

2. Години на работен стаж во Армијата.

а) за работен стаж до пет години.....5 бодови

б) за работен стаж од пет до 20 години.....10 бодови.

в) за работен стаж над 20 години .....15 бодови.

3. Семејна состојба (број на членови на семејство)

а) самец.....3 бодови.

б) два члена.....6 бодови.

в) три члена.....9 бодови.

г) четири члена.....12 бодови.

д) повеќе од четири члена.....15 бодови.

4. Место на службување

а) лице кое купува стан во место на служба.....5 бодови.

б) лице кое купува стан вон место на служба ..... 1 бод.

5. Степен на оштетување на организмот како последица на вршење на службата во Армијата, утврден со акт на надлежен орган.....5 бодови.

6. Инвалидност на член на семејно домаќинство, утврдена со акт на надлежен орган..... 5 бодови.

7. Доказ за потекло од семејство на загинат бранител на Република Македонија, потврден со акт на надлежен орган.....5 бодови.

8. Припадност кон една од трите категории

а. лица кои не поседуваат стан во лична сопственост.....10 бодови,

б. лица кои поседуваат стан во лична сопственост, стекнат по пазарни услови.....5 бодови,

в. лица кои поседуваат стан во лична сопственост, добиен од поранешниот станбен фонд на ЈНА, Министерството за одбрана и Армијата или под други повластени услови.....2 бода.

По извршеното бодување се изготвува предлог-ранг листа на кандидати.

Член 5

Доколку две или повеќе лица имаат ист број на бодови, приоритет за откуп на стан во лична сопственост има кандидатот кој има поголем број на бодови по основ на надоместок на трошоци за закупнина на стан.

Под еднакви услови од став 1 на овој член помеѓу два или повеќе кандидати приоритет има кандидатот кој има поголем број бодови по основ на работен стаж во Армијата.

Под еднакви услови од ставовите 1 и 2 на овој член помеѓу два или повеќе кандидати приоритет има кандидатот кој има поголем број бодови по основ на семејна состојба.

Под еднакви услови од ставовите 1, 2 и 3 на овој член помеѓу два или повеќе кандидати приоритет има кандидатот кој има поголем број бодови по основ на место на службување.

Под еднакви услови од ставовите 1, 2, 3, и 4 на овој член помеѓу два или повеќе кандидати приоритет има кандидатот кој има поголем број бодови по основ на степен на оштетување на организмот како последица на вршење на службата во Армијата.

Под еднакви услови од ставовите 1, 2, 3, 4, и 5 на овој член помеѓу два или повеќе кандидати приоритет има кандидатот кој има поголем број бодови по основ на инвалидност на член на семејно домакинство.

Под еднакви услови од ставовите 1, 2, 3, 4, 5, и 6 на овој член помеѓу два или повеќе кандидати приоритет има кандидатот кој потекнува од семејство на загинат бранител на Република Македонија.

Под еднакви услови од ставовите 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 на овој член помеѓу два или повеќе кандидати приоритет има кандидатот кој нема стан во лична сопственост односно има стан купен со сопствени средства по пазарни услови.

Под еднакви услови од ставовите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 на овој член помеѓу два или повеќе кандидати приоритетот ќе се утврди по азбучен ред на апликантите.

Член 6

Барање за купување на стан во лична сопственост, активниот воен и цивилен персонал го поднесува до Генералштабот, командите, односно единиците на Армијата кои го проследуваат до Комисијата формирана согласно Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Кон барањето од став 1 на овој член се доставуваат следните документи:

- изјава заверена на нотар, за непоседување или поседување на стан во лична сопственост добиен од станбениот фонд на поранешната ЈНА, Министерството за одбрана и Армијата или стан добиен под повластени услови, со назначување на квадратурата на истиот доколку го поседува, наведување на членовите на потесно семејно домаќинство и нивното сродство со подносителот на барањето, копии од лични карти за членовите на потесното семејство или извод од матична книга на родените, за децата кои немаат лични карти;

- доказ за степен на оштетување на организмот како последица на вршење на службата во Армијата, утврден со акт на надлежен орган,

- доказ за инвалидност на член на семејно домаќинство, утврдена со акт на надлежен орган и

- доказ дека потекнува од семејство на загинат бранител на Република Македонија.

Член 7

Првенството за купување на стан во лична сопственост се определува со бодови.

Вкупниот број на бодови од став 1 на овој член изнесува 100 бодови.

Член 8

Вкупниот број на бодови се добива според следните соодноси:

1. Користење на стан под закуп, надоместок на трошоци за закупнина на стан.....40 бодови.

2. Години на работен стаж во Армијата.

а) за работен стаж до пет години.....5 бодови.

б) за работен стаж од пет до 20 години....10 бодови.

в) за работен стаж над 20 години .....15 бодови.

3. Семејна состојба (број на членови на семејство)

а) самец.....3 бодови.

б) два члена.....6 бодови.

в) три члена.....9 бодови.

г) четири члена.....12 бодови.

д) повеќе од четири члена.....15 бодови.

4. Место на службување

а) лице кое купува стан во место на служба..5 бодови.

б) лице кое купува стан вон место на служба .....1 бод.

5. Степен на оштетување на организмот како последица на вршење на службата во Армијата, утврден со акт на надлежен орган.....5 бодови.

6. Инвалидност на член на семејно домаќинство, утврдена со акт на надлежен орган.....5 бодови.

7. Доказ за потекло од семејство на загинат бранител на Република Македонија, потврден со акт на надлежен орган.....5 бодови.

8. припадност кон една од трите категории

а. лица кои не поседуваат стан во лична сопственост.....10 бодови,

б. лица кои поседуваат стан во лична сопственот, стекнат по пазарни услови.....5 бодови,

в. лица кои поседуваат стан во лична сопственост, добиен од поранешниот станбен фонд на ЈНА, Министерството за одбрана и Армијата или под други повластени услови.....2 бода.

По извршеното бодување се изготвува предлог-ранг листа на кандидати.

Член 9

Доколку две или повеќе лица имаат ист број на бодови, приоритет за купување на стан во лична сопственост има кандидатот кој има поголем број на бодови по основ на надоместок на трошоци за закупнина на стан.

Под еднакви услови од став 1 на овој член помеѓу два или повеќе кандидати приоритет има кандидатот кој има поголем број бодови по основ на работен стаж во Армијата.

Под еднакви услови од ставовите 1 и 2 на овој член помеѓу два или повеќе кандидати приоритет има кандидатот кој има поголем број бодови по основ на семејна состојба.

Под еднакви услови од ставовите 1, 2 и 3 на овој член помеѓу два или повеќе кандидати приоритет има кандидатот кој има поголем број бодови по основ на место на службување.

Под еднакви услови од ставовите 1, 2, 3, и 4 на овој член помеѓу два или повеќе кандидати приоритет има кандидатот кој има поголем број бодови по основ на степен на оштетување на организмот како последица на вршење на службата во Армијата.

Под еднакви услови од ставовите 1, 2, 3, 4, и 5 на овој член помеѓу два или повеќе кандидати приоритет има кандидатот кој има поголем број бодови по основ на инвалидност на член на семејно домакинство.

Под еднакви услови од ставовите 1, 2, 3, 4, 5, и 6 на овој член помеѓу два или повеќе кандидати приоритет има кандидатот кој потекнува од семејство на загинат или ранет бранител на Република Македонија.

Под еднакви услови од ставовите 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 на овој член помеѓу два или повеќе кандидати приоритет има кандидатот кој нема стан во лична сопственост односно има стан купен со сопствени средства по пазарни услови.

Под еднакви услови од ставовите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 на овој член помеѓу два или повеќе кандидати приоритетот ќе се утврди по азбучен ред на апликантите.

Член 10

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на субвенционирање на дел од трошоците за купување на стан во лична сопственост на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија од страна на Министерството за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр.41/10).

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-1395/1

18 февруари 2016 година Министер за одбрана,

Скопје **Зоран Јолевски** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

929.

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), министерот за финансии донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА РЕВИЗОРОТ ЗА ЦЕНТРАЛНА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА И ЈАВНИ НАБАВКИ

Член 1

Со овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината и начинот на издавање на службената легитимација на ревизорот за централна внатрешна ревизија и јавни набавки („Службен весник на Република Македонија” бр. 8/02).

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 16-532/4
22 февруари 2016 година
Скопје

Министер за финансии,
Зоран Ставрески,с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

930.

Врз основа на член 90 став (3) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15 и 11/16), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА ПОДДРШКАТА ОД МЕРКИТЕ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ, ПРИФАТЛИВИТЕ ТРОШОЦИ И ВИСИНАТА НА ПОДДРШКАТА ЗА ПРИФАТЛИВИТЕ ТРОШОЦИ ПО КОРИСНИК ЗА ПОЕДИНЕЧНА МЕРКА

Член 1

Во Правилникот за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките за рурален развој, прифатливите трошоци и висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/11, 80/13, 72/14 и 88/15), во членот 2 став (1) точка 1) алинејата 1 се менува и гласи:

„ - за подигање на нови лозови насади: минималната прифатлива површина е 0,2 ха, задолжително извршена агрохемиска анализа на почвата, избраните сорти да се во согласност со Листата на домашни и странски признаени или одобрени сорти винова лоза и лозни подлоги, а посадочниот материјал по хектар обработлива земјоделска површина да е најмалку 1389 садници/ха;“.

Алинејата 2 се менува и гласи:

„- за подигање на нови повеќегодишни овошни насади,повеќегодишни насади со ароматични растенија и медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) минималната прифатлива површина е 0,2 ха, задолжително извршена агрохемиска анализа на почвата, видот на овошниот насад и ароматичното растение и бројот на сертифициран посадочен материјал по хектар да е во согласност со табелата дадена во Прилог кој е составен дел на овој правилник;“.

Во алинејата 6 бројот „2“ се заменува со бројот „1“, а бројот „10“ се заменува со бројот „20“.

Член 2

Во членот 5 став (1) точка д) алинејата 3 се менува и гласи:

„ – набавка на опрема за производство на мед и пчелни производи (центрифуги, топилник за восок, млин за шеќер, пчеларска вага, садови за мед, декристализатор и електричен отклопувач на саќе) и“.

Во ставот (2) алинеја 10 износот „922.000 денари“ се заменува со износот „1.800.000 денари“.

Член 3

Прилогот 1 се брише.

Член 4

Прилогот 2 се заменува со нов Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-1372/5
19 февруари 2016 година
Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р **Михаил Цветков**, с.р.

Прилог

Ред.бр	Насад	Прифатливиот број на садници по хектар е над
1	Јаболка	400
2	Круша	330
3	Дуња	500
4	Мушмула	550
5	Слива	330
6	Праска	330
7	Кајсија	400
8	Цреша	240
9	Вишна	500
10	Орев	70
11	Бадем	330
12	Лешник	270
13	Питом костен	200
14	Актинидија (киви)	550
15	Маслинка	330
16	Калинка	620
17	Јапонско јаболко	330
18	Смоква	500
19	Аронија	1400
20	Боровинка	2200
21	Рибизла	3330
22	Малина	8000
23	Капина	1250
24	Јагода	31000
25	Гоџибери	2500
26	Шип	1660
27	Жалфија	35000
28	Оригано	80000
29	Лаванда	16700
30	Мајоран	65000
31	Мајчина душица	70000
32	Тимјан	75000
33	Рузмарин	50000
34	Нане	70000
35	Маточина	37000
36	Кантарион	36000
37	Смилје	17000
38	Конопица	4000

931.

Врз основа на член 91 став (2) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15 и 11/16), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА КОРИСНИЦИ ПО МЕРКИТЕ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Член 1

Во Правилникот за поблиските критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/11 и 80/13), во членот 3 се додава нов став 2 кој гласи:

„По исклучок од ставот 1 на овој член, поблиски критериуми за избор на корисници на поддршка за инвестиции во систем за наводнување на пченка и фуражни култури се следните:

- доколку вкупната вредноста на инвестицијата не надминува 1.200.000 денари се доделуваат 70 бодови или

- доколку вкупната вредноста на инвестицијата е помеѓу 1.200.001 денари и 1.600.000 денари се доделуваат 60 бодови или

- доколку вкупната вредноста на инвестицијата е помеѓу 1.600.001 денари и 1.800.000 денари се доделуваат 50 бодови и

- доколку носителот на земјоделското стопанство односно едно од одговорните лица на правното лице е на возраст од 18 до 40 години на денот на поднесување на барањето или доколку носителот на земјоделското стопанство односно едно од одговорните лица на правното лице е жена, се доделуваат 30 бодови.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 10-1373/5
19 февруари 2016 година
Скопје

Министер за земјоделство,
за труд и социјална политика,
м-р **Михаил Цветков**, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

932.

Врз основа на член 21 став (6) од Законот за музеите („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15 и 152/15), министерот за култура донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА РЕВИЗИЈА НА МУЗЕЈСКИТЕ ПРЕДМЕТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на вршење на ревизија на музејските предмети.

Член 2

Од страна на Комисијата за ревизија на музејски предмети пред почетокот на ревизијата на музејските предмети се обезбедуваат листи на музејски предмети на кои се врши ревизија врз основа на податоците од музејската евиденција која се води согласно Законот за музеите.

По обезбедувањето на листите од став 1 на овој член Комисијата за ревизија на музејски предмети утврдува план и метод на работа по кои ќе ја врши ревизијата на музејските предмети.

Член 3

За извршената ревизија Комисијата за ревизија на музејски предмети изготвува извештај за состојбата на музејските предмети, за утврдените фактички разлики на физичкото постоење на музејските предмети, предлог за отпишување на музејски предмети од музејската евиденција и мерки за ефикасна заштита на музејските предмети.

Извештајот од ставот 1 на овој член содржи податоци за:

- времето и местото на вршење на ревизијата;
- составот на Комисијата за ревизија на музејски предмети;
- бројот на музејските предмети опфатени со ревизијата и
- планот и методот по кој е вршена ревизијата.

Со извештајот од ставот 1 на овој член се утврдуваат и состојбата и потребните мерки за ефикасна заштита на музејските предмети опфатени со ревизијата.

За утврдување на состојбата на музејските предмети опфатени со ревизијата се користат оценките:

- задоволува (состојба во која врз музејскиот предмет не е потребно да се преземат било какви мерки на заштита);
- добра (состојба во која врз музејскиот предмет не е потребно да се преземат итни мерки на заштита) и
- лоша (состојба во која врз музејскиот предмет потребно е да се преземат итни мерки на заштита).

Кон извештајот од ставот 1 на овој член се изготвуваат следниве листи:

- листа на музејски предмети чие физичко постоење е утврдено и се во согласност со листите од член 2 став 1 од овој правилник;

- листа на музејски предмети чие физичко постоење не е утврдено, а се евидентирани, односно запишани во листите од член 2 став 1 од овој правилник;

- листа на музејски предмети чие физичко постоење е утврдено, а истите не се евидентирани, односно запишани во листите од членот 2 став 1 од овој правилник, односно музејски предмети чие физичко постоење е утврдено, а кои немаат инвентарни броеви;

- листа на музејски предмети кои ја изгубиле својата вредност, заради што е потребно да бидат отпишани од музејската евиденција, во постапка согласно Законот за музеите и Законот за заштита на кутлурното нас-ледство.

Извештајот од ставот 1 на овој член, се доставува до директорот и до управниот одбор на музејот, односно до директорот и до управниот одбор на установата во чиј состав е музејот.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службениот весник на Репуб-лика Македонија“.

Бр.58-2435/1

19 февруари 2016 година

Скопје

Министер за култура,

д-р **Елизабета Канческа-Милевска**, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

933.

Врз основа на член 68 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија” бр.199/14, 44/15 и 193/15), министерот за транспорт и врски, донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија” бр. 142/15, 217/15, 222/15 и 228/15) во членот 52, по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) При реализација на донесени урбанистички планови и урбанистичко-планска документација во кои е предвидена изградба на градба со намена А3 – групно домување, со архитектонско урбанистички проект може да се надминат утврдените параметри за вкупно изградена површина на градбата, коефициентот на искористеност и максималната височина на градбата, само доколку при тоа не се надминат утврдените параметри за површината за градење и процентот на изграденост.“

Ставот (2) станува став (3).

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-2982/1
23 февруари 2016 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
Владо Мисајловски, с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – Вероника Наумовска
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2016 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

Цената на овој број е 90 денари.

ISSN 0354-1622
2016035